РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: 01/05
Рок на чување: Трајна
19.04.2024 година
Потпис

01.30.34.НС.001.01

# НАСОКА
# ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

Април 2024

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 30-04-2024 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 67/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# НАСОКА ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

## I.Општи одредби

1. Цел на оваа Насока е појаснување на царинската постапка привремен увоз во делот кој се однесува на привремен увоз на транспортни средства.

## II. Правна основа

2. Привремениот увоз на транспортни средства како царинска постапка е регулирана со неколку правни акти и тоа:
   - Конвенција за привремен увоз (во натамошниот текст: Истанбулска Конвенција)[1], усвоена во Истанбул на 26 јуни 1990 година, влезена во сила на 27 ноември 1993 година и ратификувана од Собранието на Република Македонија на 1 март 2006 година (Службен весник на Република Македонија бр. 29/2006) – за транспортни средства наменет е Прилогот В;
   - Царински закон (во натамошниот текст: ЦЗ) (Службен весник на Република Македонија" бр.39/2005; 4/2008; 48/2010; 158/2010; 44/2011; 53/2011, 11/2012, 171/12,187/2013, 15/2015, 129/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 44/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/2021) – царинската постапка е регулирана со членовите 150 - 157 односно одобрувањето на привремениот увоз на транспортни средства член 154;[2]
   - Уредба за спроведување на Царинскиот закон (во натамошниот текст УСЦЗ) „Службен весник на Република Македонија" бр.66/05; 73/06; 40/07; 62/07;42/09; 48/09; 38/10; 46/10; 61/10; 141/11; 147/11; 158/11,

[1]Текстот на Конвенцијата е објавен на интернет страницата на Царинската управа во делот Меѓународна соработка – Меѓународни конвенции

[2]Царинскиот закон со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

14/12, 2/13, 92/13, 177/13, 62/15, 111/15, 215/15, 192/16, 21/17, 181/17, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/19 и 179/21 – царинската постапка е регулирана со членовите 365 – 395 односно условите и роковите за одобрување на привремен увоз на транспортни средства членовите 367-374 . [3]

## III.Услови за одобрување на привремен увоз на транспортни средства

3. Привремен увоз на средства за патен, железнички, воздушен и воден транспорт се одобрува кога кумулативно се исполнети следните услови:
   - тие се регистрирани надвор од царинското подрачје на име на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје,
   - се употребуваат од лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје и
   - во случај на комерцијална употреба (со исклучок на средства за железнички транспорт) се употребуваат исклучиво за транспорт кој започнува или завршува надвор од царинското подрачје.

4. Лица со седиште во царинското подрачје целосно се ослободуваат од плаќање увозни давачки кога:
   - средствата за железнички транспорт се ставени на нивно располагање врз основа на договор со кој секоја мрежа може да користи шински возила на друга мрежа како сопствени;
   - транспортните средства се употребени во итен случај и не се употребуваат подолго од 5 (пет) дена; или
   - транспортните средства се употребени од друштво за изнајмување за повторен извоз во рок не подолг од 5 (пет) дена.

5. Физички лица со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје се ослободуваат од увозни давачки кога кумулативно се исполнети следниве услови:
   - приватно повремено употребуваат транспортни средства
   - по упатства на носителот на регистрација и
   - кој во моментот на употребата е присутен во царинското подрачје.

[3]Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

6. Физичките лица со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје се ослободуваат за повремена приватна употреба на транспортни средства изнајмени врз основа на писмен договор за:
   - да се вратат во нивното место на живеење во рок од 5 (пет) дена од стапувањето во сила на договорот и
   - да го напуштат царинското подрачје во рок од 2 (два) дена од стапувањето во сила на договорот.

7. Привремен увоз на транспортни средства кои привремено се регистрираат на царинското подрачје се одобрува во име на следниве лица:
   - лице со седиште надвор од царинското подрачје;
   - физичко лице со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје кога истото се подготвува да го смени живеалиштето во место надвор од царинското подрачје и транспортното средство треба да биде повторно извезено во рок од 3 (три) месеци од датумот на регистрацијата.

8. Привремен увоз на транспортни средства кои комерцијално или приватно се употребуваат, се одобрува на:
   - физичко лице со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје
   - вработено е од сопственикот на транспортното средство, кое е со седиште надвор од царинското подрачје (или на друг начин овластено е од истото).

9. Рокови за завршување на привремениот увоз на транспортни средства се:
   - средства во железнички транспорт -дванаесет месеци;
   - транспортни средства (освен железнички транспорт) кои комерцијално се употребуваат за времето потребно за извршување на транспортните операции;
   - средства за патен транспорт за приватна употреба од страна на студент за времетраењето на студирањето;
   - средства за патен транспорт за приватна употреба од страна на лица кои извршуваат задачи кои имаат определено траење, за времетраењето на извршувањето на задачите;
   - средства за патен транспорт за приватна употреба во други случаи, вклучувајќи и животни за јавање или влечни животни и возилата што ги влечат - шест месеци за период од дванаесет месеци,
   - средства во воздушен транспорт за приватна употреба – шест месеци;

– средства за воден транспорт за приватна употреба - осумнаесет месеци.

10. Одобрувањето на привремениот увоз како постапка не е поврзана со државјанство на лицето кому се одобрува туку неговото живеалиште. Како живеалиште се смета она место во кое лицето е постојано настанато и живее повеќе од 183 дена во текот на една година.

## IV.Барање/одобрение за привремен увоз

11. Барањето и одобрувањето на постапката привремен увоз може да биде на повеќе начини и облици.

12. Постапката на привремен увоз може да се бара и одобри преку следниве видови барања/одобренија:
    - Барање/одобрение „со кое било друго дејствие",
    - Усно барање/одобрение,
    - Барање/одобрение со поднесување на електронска царинска декларација,
    - Одобрение на образец.

13. Барање/одобрение на привремен увоз „со кое било друго дејствие" е пропишано со член 139 и 140 од УСЦЗ и се смета дека барањето е поднесено односно одобрението е дадено со:
    – минување низ зелен канал или канал „ништо за декларирање" кај царинските органи кои работат со двоканален систем; или
    – минување низ царинскиот орган кој не работи со двоканален систем без изготвување на царинска декларација по сопствена иницијатива; или
    – самиот чин на преминување на царинската линија со која е обележано царинското подрачје.

14. Согласно член 136 и 312 став (3) втор потстав од УСЦЗ барање за одобрение може да биде и усна царинска декларација за привремен увоз која ја изготвува царинскиот службеник во електронска форма во СОЦДАД[4].

[4] СОЦДАД – Информациски систем за обранотка на царински декларации и акцизни документи

15. Со заведувањето на усната царинска декларација во електронскиот систем на Царинската управа се следи одобрениот рок на привремен увоз и правилното завршување на постапката.

16. Согласно член 312 став (3) точка в) од УСЦЗ, барањето за одобрение за привремен увоз може да се поднесе преку поднесување на царинска декларација.

17. Прифаќањето на царинската декларација претставува давање на одобрение за привремен увоз.

18. Барањето за одобрение го поднесува лице кое има намера да ја употребува стоката привремено или е организатор на употребата на стоката со пополнување на образец од Прилог 27 од УСЦЗ во електронска форма во СОЦДАД, модул МЕОС.

19. Кон барањето се приложуваат и дополнителни докази или документи за податоците со кои се докажуваат условите за давање на одобрение[5].

## V. Начини на завршување на постапката

20. Постапката на привремен увоз завршува на еден од од следните начини:
    - повторен извоз;
    - пуштање во слободен промет;
    - уништување на стоката под царински надзор;
    - пренесување на стоката на друг имател на одобрение за постапка на привремен увоз; или
    - друго царински дозволено постапување или употреба, како на пример, царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинскинадзор, слободна зона.

## VI. Постапување на царинскиот орган кога привремениот увоз е одобрен со усна декларација

[5]Видовите на барања и одобренија за привремен увоз, начините на давање одобрение, условите кои треба да бидат исполнети се разработени во Упатството за привремен увоз и Корисничкото упатство за пополнување на усна декларација за привремен увоз и повторен извоз на транспортни средства , двете објавени како интерни документи во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

21. Привремен увоз со усна декларација за возило со странски регистарски таблици – во рокот за завршување да се направи повторен извоз, да се стави во царински склад или да се пушти во слободен промет.

22. Привремен увоз со усна декларација за возило со странски регистарски таблици – истечен рок за завршување, доколку се појави во гранична царинска испостава за повторен извоз или внатрешна царинска испостава за царинско складирање или пуштање во слободен промет, да се изрече глоба со прекршочен платен налог за непочитување на рокот по член 264 став 1 т.22 од Царинскиот закон, а висината на глобата согласно ставовите 1 до 6 зависно од периодот за пречекорување на рокот.

23. Привремен увоз со усна декларација за возило со странски регистарски таблици – истечен рок за завршување, доколку е откриено во царинското подрачје (внатрешноста) од страна на Сектор за контрола и истраги или по добиено известување од Министерството за внатрешни работи, Секторот за контрола и истраги ги прибавува сите материјални докази, изготвува записник за прекршок и издава потврда за привремено одземање на возилото, по што:
    - се поведува прекршочна постапка со правна квалификација по член 263 став 1 точка 8 од ЦЗ, а согласно ставовите 1 до 5 во зависност од износот на избегнати увозни давачки, други давачки и даноци кога е над 1.000 евра во денарска противвредност или кога вредноста на возилото е над 4.000 евра во денарска противвредност, доколку е затекнато во управување лицето кое привремено го внело возилото во царинското подрачје,
    - односно со правна квалификација по член 265 во врска со член 263 став 1 точка 8 од Царинскиот закон, доколку е затекнато во управување на возилото друго лице, а согласно Процедурата за постапување при откривање на прекршок и натамошно спроведување на прекршочната постапка.[6]

24. Привремен увоз со усна декларација за возило со странски регистарски таблици – истечен рок за завршување, царинската испостава која ја започнала постапката за привремен увоз по утврдување дека рокот е истечен, со увид во СОЦДАД врши проверка дали предметното возило е повторно извезено или е пуштено во слободен промет. Доколку не најде доказ за завршување на постапката на привремен увоз, на образец Интерна комуникација од

[6]Процедурата за постапување при откривање на прекршок и натамошно спроведување на прекршочната постапка како интерен документ е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа[7] доставува преку Секторот за контрола и истраги, Барање за проверка на влез и излез на ПМВ од евиденцијата на Министерството за внатрешни работи.

По преземените активности, ако се утврди дека нема доказ дека привремениот увоз на возилото е завршен, на адресата на привремен престој во царинското подрачје или на адресата каде е живеалиштето на имателот на одобрението за привремен увоз, на образец Надворешна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, согласно Законот за оштата управна постапка[8]се доставува барање за произнесување.

Во случај кога имателот на одобрение ќе достави валиден доказ за завршена постапка на привремениот увоз, истиот се раздолжува.

Во случај кога имателот на одобрение извести дека возилото е сеуште во царинското подрачје, веднаш се упатува на спроведување на царинска постапка (пуштање во слободен промет, царинско складирање или повторен извоз) и се изрекува глоба со прекршочен платен налог за непочитување на рокот по член 264 став 1 т.22 од Царинскиот закон, а висината на глобата согласно ставовите 1 до 6 зависно од периодот за пречекорување на рокот.

Доколку по сите преземени активности се утврди дека не е завршена постапката на привремен увоз, на образец Интерна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, се доставува известување до Секторот за контрола и истраги, кои понатаму самостојно или во кординација со Министерството за внатрешни работи, а согласно изготвен план за контроли, вршат активности за пронаоѓање на возилото и целосно постапуват како во точката 23 од ова Упатство.

Во случај кога по сите преземени активности ќе се утврди дека постапката на привремен увоз не е завршена и ПМВ не е пронајдено, царинскиот службеник од надлежната царинска испостава изготвува 01.20.22.ПЦ.001.05-ОБ.10.05 Барање за поведување на прекршочна постапка, со правна кфалификација за царински прекршок од член 263 ст.1 точка 8, со предлог за утврдување на наплата на вредност на возилот согласно член 267 ст.5 од Царинскиот закон. Барањето го доставува до месно надлежен суд или до Комисија за одлучување

[7]Упатствотозаизглед и структуранадокументацијатавоЦаринскатауправа како интерен документ е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа
[8]Законот за општата управна постапка како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

по прекршок при Царинска управа (во случај возилото да е со пресметани давачки до 1.000 евра).

Пресметката на увозните давачки се врши согласно Упатството за царинска вредност[9], дел XI. Утврдување на царинска вредност на патнички, комбинирани и лесно доставни товарни возила и мотоцикли од страна на физички лица и Корисничкото упатство за пребарување во каталог SchwackeNet[10].

Пресметката на данокот на моторни возила се врши во согласност со членовите 9 до 12 од Законот за данок на моторни возила, на начин утврден во Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила[11].

25. Барањата за поведување на прекршочна постапка ги изготвуваат царинските службеници во царинарниците или царинските службеници од мобилните тимови и истите ги доставуваат до надлежен суд според местото каде е сторен прекршокот или до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа (во случај возилото да е со пресметани давачки до 1.000 евра), при тоа внимавајќи на роковите за поднесување на Барање за поведување на прекршочна постапка предвидени во член 58 став 2 и член 71 став 2 од Законот за прекршоците.

## IV.Завршни одредби

26. Одговорни за спроведување на оваа насока се царинските службеници од царинските испостави, Секторот за контрола и истраги и Секторот за правни работи на Царинската управа.

27. Надлежни за предлагање на измени и дополнувања на оваа насока се помошник директорот на Секторот за царински систем, Секторот за правни работи, Секторот за контрола и истраги и управниците на царинарниците.

[9]Упатството за царинска вредност со сите измени и дополнувања, како интерен акт, е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

[10]Корисничкото упатство за пребарување во каталог SchwackeNet со сите измени и дополнувања како интерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

[11]Законот за данок на моторни возила и Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила се како екстерени акти објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документацијата

28. Сите непосредни раководители потребно е со оваа насока да ги запознаат вработените во организациските единици со кои раководат.

29. Секторот за царински систем ја објавува оваа насока согласно Процедурата за депозитар на документација.

30. Оваа Насока стапува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

Директор,
Стефан Богоев

Бр. 01-021671/24-0001
Скопје 30-04-2024 г.

Изработил: Соња Филевска

Согласен: Гордана Динеска
Беадин Рамадани
Саша Огњеновиќ

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за царински систем,<br>Сектор за правни работи<br>Сектор за контрола и истраги |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |